Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-10968/1
13.12.2014 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог - закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 13.12.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за финансии и Ардиан Џељадини, заменик на министерот за финансии, а за повереници Игор Димитров, државен секретар во Министерството за финансии и Ристе Тодоровски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

ЗАМЕНИКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Зоран Ставрески

Подготвил: д-р Стефан Вилкановски
Проверил: Љубица Р. Димовска
Контролирал: Дејан Јакимовски
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за финансии и

Ардиан Џељадини, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ: Игор Димитров, државен секретар во Министерството за финансии и

Ристе Тодоровски, раководител на сектор во Министерството за финансии

# ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, декември 2014 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 97/2014 ), законските одредби кои се однесуваат на носителите на семејно земјоделско стопанство како обврзници за плаќање на придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување и придонесот за задолжително здравствено осигурување требаше да отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2015 година.
Поради потребата од дополнителен временски период за создавање на услови за отпочнување на практичната примена на законските одредби кои се поврзани со споменатата категорија на обврзници за плаќање на придонесите, неопходно е да се пролонгира досегашниот законски рок за една година.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, има за цел за една година да ја одложи примената на одредбите од Законот кои се поврзани со одделните категории на носители на семејни земјоделски стопанства кои се дефинирани во Законот за земјоделство и рурален развој.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Законот ги содржи и основните решенија на измените и дополнувањата кои се содржани во Предлог - законот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага не повлекува обврска за обезбедување средства за неговото спроведување од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА ТОА, ДАЛИ СПРОВДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 91/08 и 119/10), се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН

за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување,

по скратена постапка

Член 1

Во Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 97/14) во членот 1 зборовите: „1 јануари 2015“ се заменуваат со зборовите: „1 јануари 2016“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е НА ПРЕДЛОГ- ЗАКОНОТ

I. СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Со членот 1 од Предлог - законот се врши измена на рокот предвиден во Законот за изменување Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 97/14.

Со членот 2 од Предлог Законот е уредено влегувањето во сила на истиот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани. Како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи практично имплеметирање на законските одредби поврзани со одделните категории на носители на семејни земјоделски стопанства согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

Текст на одредбите на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување кои се изменуваат односно дополнуваат

Закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/14)

Член 1

Во Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 170/13), во членот 3 датата: “1 јуни 2014 година“ се заменува со датата: “1 јануари 2015 година“.